Врз основа на член 26 став 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62 од 2005 година), министерот за финансии донесе:

**УПАТСТВО**
**ЗА ВИДОТ И СОДРЖИНАТА НА МЕСЕЧНИТЕ ИНФОРМАЦИИ**
**ЗА ПРОМЕНАТА НА СОСТОЈБАТА НА СЕКОЕ ЗАДОЛЖУВАЊЕ**
**НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИОТ ДОЛГ**

**1**. Со ова упатство се пропишува видот и содржината на месечните информации за промената на состојбата на секое задолжување на носителите на јавниот долг.

**2.** Информациите за општините и градот Скопје се изготвуваат согласно "Упатството за формата и содржината на периодичните финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа" ("Службен весник на Република Македонија" број 97/05). Информациите за општините и градот Скопје треба да содржат и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините, односно од градот Скопје.

**3.** Месечната информација за промена на состојбата на задолжувањето на носителите на јавниот долг, носителите на јавниот долг согласно член 26 став 1 од Законот за јавен долг ја доставуваат до Министерството за финансии најдоцна до 15-тиот ден во тековниот месец за состојбата на долгот од претходниот месец.

**4**. Содржината на месечните информации е дадена во образецот М1, кој е составен дел на ова упатство.

**5.** Податоците во месечните информации се подготвуваат согласно сметководствената евиденција на носителите на јавниот долг.

**6.** Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Број 09 - 8252/1**
**07.03.2006 година**
**Скопје**

**МИНИСТЕР,**
**м-р Никола Поповски**